Дел. број: 02-1/161
Датум: 09-12-2022
Број на страници: 3

Врз основа на член 57, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/2019 и 110/2019), како и Договорот за соработка на Министерството за одбрана со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ) бр. 02-6267/1 од 16.09.2022 година, Министерката за одбрана донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на работна група**
**за следење и поддржување на процесот на родовата само-проценка во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија**

1. **Предмет**

1.1. Со ова Решение се одеделуваат координатор, заменици на координаторот и членови на работна група за спроведување на родова само-проценка во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, како и нивните задолженија.

1.2. Целта на работната група од точка 1.1. е да го следи и поддржува процесот на спроведување на родова само-проценка и обезбедува негова непречена имплементација во соработка со ДЦАФ.

2. **Носител, координатор, заменик координатор и членови**:

2.1. За координатор на работната група за спроведување на родова само-проценка се определува Јулијана Стојанова, помошник раководител во Секторот за човечки ресурси.

2.2. За заменици на координаторот се определуваат потполковник Антониела Станковска Будимир, Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање и потполковник Александра Доневска, ГШ на Армијата.

2.3. За членови на работната група се определуваат:

- Татјана Атанасовска, Сектор за човечки ресурси;
- Миневере Лесковица, Сектор за човечки ресурси;
- Билјана Јовановска, Сектор за политика и планирање;
- Марија Јанкова, помлад соработник, Сектор за правни работи;
- Потполковник Томе Пеев, ВП 7925 Петровец
- Мајор Јакуп Емини, ВП 2990 Скопје;
- Поручник Зорица Здравковска, ВП 7925 Петровец;

- Водник Алесандра Кузманоска, ВП 8045 Скопје;
- Цивилно лице Ленче Белчовска, ВП 2803/14 Скопје
- Цивилно лице Јулијана Ристески, ВП 2990 Скопје
- Цивилно лице Емилја Тодоровска, ВП 2990 Скопје

## 3. Задолженија

3.1. Се задолжува координаторот од точка 2.1. да ги превземе следните активности:
- да ја координира работата на работната група;
- редовно да комуницира и да се координира со ДЦАФ за време на родовата само-проценка;
- редовно да известува за процесот на спроведување на родовата само-проценка;
- да ги координира активностите и учествува во изработка на Извештајот од спроведената родова само-проценка;
- да координира и учествува во изработка на Родов акциски план согласно изготвениот Извештај;

3.2. Се задолжува работната група од точка 2.3. да ги превземе следните активности:
- да учествува во изработката на Динамичниот план на активности;
- активно да учествуваат во организирање на работата со поддршка од ДЦАФ-спроведување на фаза 2;
- да го спроведе процесот на родова само-проценка: собирање податоци, анализа, изготвување на извештаи, - фаза 3;
- да изработи извештај по спроведената само проценка;
- да изготви Родов акциски план (фаза 4) за следните во 6 (шест) области:
  - ✓ Ефективност во работењето;
  - ✓ Закони, политики и планирање;
  - ✓ Односи со заедницата;
  - ✓ Одговорност и надзор;
  - ✓ Персонал и
  - ✓ Инситуционална култура.

3.3. Сите организациони едининици на Министерството за одбрана, Генералштабот и командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија, да соработуваат и да и дадат поддршка на работната група во реализирање на активностите како и во обезбедување на сите релевантни информации и документи кои се поврзани со вклучувањето на родовите аспекти во главните политики.

3.4. Работната група да дава стручна поддршка при спроведување на активностите за родовата само-проценка.

3.5. Сите активности, работната група да ги заврши заклучно со 30 ноември 2023 година, односно до истекот на Договорот за соработка помеѓу Министерството за одбрана и ДЦАФ.

## 4. Извештаи

4.1. Се задолжува координаторот на работната група да доставува извештаи по фазите и достави Родов акциски план до министерката за одбрана по завршување на активностите согласно Динамичниот план за спроведување на родовата само-проценка.

## 5. Влегување во сила

5.1. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

| | |
|---|---|
| **Изработила:** | Билјана Стевкова, раководител на Одделение за обука во Сектор за човечки ресурси |
| **Контролирал:** | Ппк. Јетнор Марке, помошник раководителка на Сектор за човечки ресурси |
| **Одобрил:** | Владимир Анчев, Државен секретар |

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска

Доставено до:
- Кабинет на МО
- Кабинет на ЗМО
- Кабинет на НГШ
- Државен секретар
- Сите организациони единици во МО
- Воена академија
- Архива